РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Комисија за односи со верските заедници
и религиозни групи
Бр. 01-342/2
21.12. 2020 год.
СКОПЈЕ

Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА ОДНОСИ СО ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И РЕЛИГИОЗНИ ГРУПИ

# СТРАТЕШКИ ПЛАН ЗА ПЕРИОДОТ 2021—2023 ГОДИНА

декември 2020 година, Скопје

*Почитувани,*

*Нашата земја со јасни и силни чекори граби кон својата посветла иднина која на граѓаните треба да им овозможи благосостојба, како идеал кон кој се стреми секое општество. Времето во кое живееме од секој од нас очекува зголемен ангажман кон реформирање од внатре, притоа придонесувајќи кон вредносно издигнување на нашата свест, организираност и почит.*

*Живееме во мултикултурно, мултиетничко и мултиконфесионално општество, кое пулсира во различности. Во јавниот простор се судруваат различни ставови, определби, мислења, постапки. Можеби една од најсензитивните различности при таква секојдневна интеракција, која ја прикажуваме како судир, е верската определба. Во сите истражувања на јавното мислење огромен процент, над 90% од вкупното население на државата се изјаснува како религиозно. Ова е индикативна бројка која од нас очекува голема сериозност и внимателност при третирањето на верската сфера.*



*Комисијата за односи со верските заедници и религиозните групи како самостоен орган на државна управа надлежен за прашањата од верската сфера во државата, заштита на начелото на секуларност на државата, унапредување на верските слободи и права и меѓуконфесионалната соработка, како и за односите на црквите, верските заедници и религиозни групи со државата, останува посветен во остварувањето на своите стратешки приоритети и цели, со што се остваруваат целите на Владата на Република Северна Македонија.*

*Со овој стратешки план за периодот од 2020 година до 2022 година, убеден сум дека Комисијата со сите свои капацитети ќе даде значаен придонес во уредувањето на една од најважните сфери во општественото живеење, како и во унапредувањето на постоечките состојби. Ќе иницираме широка лепеза на активности кои произлегуваат од нашите основни 3 стратешки приоритети.*

*Со почит,*

*м-р Даријан Сотировски,*
*директор на КОВЗРГ*

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи * СКОПЈЕ *

### 1.1.1. ВОВЕД

Стратешкиот план на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи е среднорочен план на активности за периодот **2021-2023** година кои претставуваат основа за дефинирање и реализација на општите и конкретни цели на Комисијата, во согласност со стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за **2021** година . Во согласност со интегралниот систем на планирање и буџетирање, овој Стратешки план е придружен документ на буџетската пресметка на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи за **2021** година, во согласност со Законот за изменување и дополнување на Законот за буџетите на Република Македонија (Службен весник на РМ бр.171/12). Во Стратешкиот план на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи за **2021-2023** година се содржани целите и задачите на организациските единици и на Комисијата во целина, активностите за остварување на тие цели, како и ефектите и резултатите на истите.

Преку реализирање на активностите од Стратешкиот план, Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи треба да одговори на обврските што произлегуваат од нејзините надлежности утврдени со Законот за организација и работа на органите на државната управа, Програмата на Владата на Република Северна Македонија и Законот за правната положба на црква, верска заедница и религиозна група („Сл. весник на РМ“ бр.113/07).

## 1.2. АНАЛИЗА НА ВНАТРЕШНАТА СОСТОЈБА, НАДВОРЕШНОТО ОПКРУЖУВАЊЕ, УТВРДУВАЊЕ НА ПОТЕНЦИЈАЛНИТЕ МОЖНОСТИ И ЗАКАНИ НА ОРГАНОТ НА ДРЖАВНАТА УПРАВА (SWOT АНАЛИЗА)

Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи е флексибилно организирана и лесно прилагодлива кон исполнување на барањата од корисниците на услуги. Корисници на услугите на КОВЗРГ се регистрираните цркви, верски заедници и религиозни групи, здруженија на граѓани и фондации, граѓански верски одбори во државата и дијаспората, органите на државната управа, домашни и странски владини и невладини организации, дипломатско-конзуларни претставништва на Република Северна Македонија во странство и странски дипломатско-конзуларни претставништва во Република Северна Македонија и сите кои имаат потреба од одредена услуга од КОВЗРГ.

Анализата на надворешното и внатрешното опкружување на Комисијата, како и утврдувањето на нејзините потенцијални можности и закани, ја даваат следнава SWOT анализа:

| ПРЕДНОСТИ (СИЛНИ СТРАНИ) | СЛАБОСТИ (СЛАБИ СТРАНИ) |
|---|---|
| - Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи е еден од најстарите државни органи на Република Северна Македонија. Од 1951 година, па до денес, постои како самостоен државен орган, надлежен да се грижи за правната положба на верските заедници и религиозните групи и за односите меѓу државата, верските заедници и религиозните групи;<br>- Во Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи работи стручен и мотивиран кадар, меѓу кој има и административни службеници кои имаат повеќедецениски стаж во институцијата. Вработените преку континуирана обука имаат стекнато дополнителни потребни знаења и вештини од областа на управувањето во државната служба, административното работење, еднаквоста и недискриминацијата на верска основа, индекс за родова еднаквост, Е-влада, управување со проектен циклус и др.<br>- | - Недостаток од финансиски средства кои треба да ги задоволат потребите на институцијата за редовно работење и реализација на нејзините активности;<br>- Недостаток на вработени лица од соодветна струка. |
| **МОЖНОСТИ** | **ОПАСНОСТИ (ЗАКАНИ)** |
| - Можност за дополнување на Законот за правна положба на цркви, верски заедници и религиозни групи во делот на ингеренциите на Комисијата, со што би се намалил ризикот од недоволен буџет за реализирањето на нејзините планирани проекти и активности;<br>- Можност од вклучување на Комисијата како орган кој е најдиректно инвловиран во верските прашања и односите со верските заедници во глобалниот тренд на сузбивање на тероризмот и радикализмот на верска основа, кој претставува закана за светскиот мир и безбедност. Во светот сè повеќе се зголемува интересот за верските прашања од страна на медиумите, граѓаните, невладините организации и други субјекти за спречување на оваа негативна појава, што дава можност за проактивна улога на овој орган.<br>- Можност од усвојување програма за поддршка на проекти од локално | - Намалувањето на буџетските средства и неприфаќањето на предлог-активностите на Комисијата го ограничуваат нејзиното делување, а со тоа и одржувањето на позитивни и хармонизирани меѓуверски односи. За да се намалат ваквите ризици од неопходна важност е да се донесе дополнување на Законот за правна положба на цркви, верски заедници и религиозни групи. |

| | |
|---|---|
| значење на верските заедници од страна на Вадата на Република Северна Македонија | |

### 1.1.3. МИСИЈА

Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи е орган на државната управа чија основна цел е да ги разрешува сите прашања коишто ќе се појават помеѓу црквите, верските заедници и религиозните групи и државните органи.

### 1.4. ВИЗИЈА

Одржување и унапредување на меѓуверските односи врз принципите на верска толеранција и подеднаков третман на сите верски субјекти пред законот.

### 1.5. ЗАДАЧИ И ОБВРСКИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ОДНОСИ СО ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И РЕЛИГИОЗНИ ГРУПИ

Задачите и обврските на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи се утврдени со Законот за организација и работа на органите на државната управа и Законот за правната положба на црква, верска заедница и религиозна група и тие се во функција на:

- доследно спроведување на Законот за правната положба на црква, верска заедница и религиозна група и обврските кои произлегуваат од него;
- унапредување и промоција на верскиот соживот;
- унапредување на положбата на верските заедници и религиозни групи во општеството;
- создавање услови за еднаков третман на сите цркви, верски заедници и религиозни групи;
- остварување на правата на црквите, верските заедници и религиозните групи кои произлегуваат од Законот за денационализација, Законот за пензиско и инвалидско осигурување и сл.;
- вклучување на средношколските и високошколските образовни институции на Македонската православна црква – Охридска архиепископија и Исламската верска заедница во државниот образовен систем на Република Северна Македонија;

- издавање решенија за одобренија за престој на странски мисионери на територијата на Република Северна Македонија;

- давање мислења за донации од јавен интерес кои се наменети за верските заедници и нивните потреби;

- промоција и активен придонес во изградбата на политиката на мирно разрешување на меѓуверски конфликти;

- создавање на клима на дијалог помеѓу црквите, верските заедници и религиозните групи;

- афирмација на верските вредности на Република Северна Македонија;

- промоција на мултиконфесионалниот карактер на Република Северна Македонија како пример за почитување на различните вери и верски соживот;

- достојно оддавање почит на значајни личности и настани од сферата во која работи Комисијата;

- следење на состојбите со доследно почитување на начелото на секуларност на државата;

- следење на остварувањето на верските слободи и права и ангажман за унапредување на состојбите;

- следење на работата на верските заедници и религиозните групи;

- сервисна ориентација кон потребите на верските заедници;

- унапредување и поддршка на црковните и други верски општини во дијаспората;

- унапредување на меѓународната соработка со институции кои работат во верската сфера како и КОВЗРГ и реализирање на заеднички проекти.

## 1.6. СПЕЦИФИЧНОСТ НА КОМИСИЈАТА ЗА ОДНОСИ СО ВЕРСКИ ЗАЕДНИЦИ И РЕЛИГИОЗНИ ГРУПИ

КОВЗРГ ги обезбедува сите услуги коишто се поврзани со делувањето на црквите, верските заедници и религиозни групи, нивните односи со Владата и Собранието на Република Северна Македонија, како и со други органи на државната управа, судските власти, со домашни и странски владини и невладини организации. Комисијата ја следи работата на 38 правно регистрирани верски субјекти во Република Северна Македонија, од кои Македонската православна црква–Охридска архиепископија, Исламската верска заедница, Католичката црква, Евангелско-методистичката црква и Еврејската заедница се посебно истакнати во Уставот на Република Северна Македонија заради нивното традиционално и долгогодишно постоење на овие простори.

Комисијата се грижи за заштита на начелото на секуларизам на државата, унапредување на верските слободи и права и решавање на други прашања од верска сфера во општеството.

## 1.7. СТРУКТУРА НА КОМИСИЈАТА ЗА ОДНОСИ СО ВЕРСКИ ЗАЕДНИЦИ И РЕЛИГИОЗНИ ГРУПИ

Со Правилникот за систематизација на работните места во Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи се утврдува вкупниот број на вработените (административни службеници, помошно – технички лица), распоредот, шифрата, називот и описот на работните места по организациони единици и посебните услови потребни за извршување на работите и на задачите на одделните работни места.

Со Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи раководи Директор, кој е именуван функционер од Владата на Република Северна Македонија. Владата на Република Северна Македонија именува заменик директор во институцијата во согласност со закон.

Организациони единици во Комисијата, согласно Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за начелата за внатрешна организација на органите на државната управа се 2 сектори и 4 одделенија, и тоа:

1. Сектор за соработка со црква, верска заедница и религиозна група и протокол
   - 1.1 Одделение за соработка со црква, верска заедница и религиозна група
   - 1.2 Одделение за протокол и одбележување верски празници

2. Сектор за соработка со државни институции, документација и административна поддршка
   - 2.1 Одделение за соработка со државни институции, документација и односи со јавност
   - 2.2 Одделение за административна поддршка




## 1.8. ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ОДНОСИ СО ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И РЕЛИГИОЗНИ ГРУПИ

Врз основа на извршената анализа на состојбата во областа на делувањето на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи и раководејќи се од потребата за обезбедување на козистентност и усогласеност на стратешките приоритети и приоритетни цели на КОВЗРГ со одлуката на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година, се утврдија вкупно **еден** стратешки приоритет и разви **три** цели за периодот **2021-2023** година.

***Стратешки приоритет:***

- Активно промовирање на културните и верските вредности на Република Северна Македонија врз основа на постојана и конструктивна соработка со регистрираните цркви, верски заедници и религиозни групи и државните институции

***Стратешки цели за остварување на стратешкиот приоритет:***

- Промоција на културните и верските вредности во Република Северна Македонија и унапредување на меѓуконфесионалната соработка;

- Обезбедена заштита на начелото на секуларност, унапредени верски слободи и права и меѓународна соработка;

- Зајакната сервисна ориентација кон потребите на верските заедници.

## 1.9. ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ЗА ПЕРИОДОТ 2019 ГОДИНА

При остварувањето на своите задачи и обврски Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи остварува соработка со повеќе органи на државната администрација, меѓу кои со Министерството за надворешни работи, Министерството за внатрешни работи, Министерството за финансии, Министерството за правда, Министерството за транспорт и врски, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за наука и образование, Министерството за култура, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, Царинската управа, како и со други државни органи и институции. Комисијата е целосно посветена на доследното спроведување на Законот за правната положба на црква, верска заедница и религиозна група и на почитувањето на верската слобода и права на граѓаните на Република Северна Македонија како составен дел од човековите права и слободи. Во текот на 2019 г. КОВЗРГ ги реализираше следните активности:

- Комисијата во периодот од јануари до мај го спроведе истражувањето на јавното мислење за прашања од верска природа кај различни возрасни групи. Воедно ова истражување беше презентирано на јавноста и на верските субјекти на трибина „Младите и религијата" во која учествуваа и дадоа свое толкување на добиените резултати реномирани професори и активисти од верската сфера. Ова истражување беше дел од програмата на манифестацијата „Недела на заедничка молитва";
- КОВЗРГ направи современо и креативно решение и ја пушти во употреба новата веб страница преку која се споделуваат со јавноста сите актуелности и идни активности на институцијата, 26.02.2019 г.;
- Комисијата, претставена од директорот г. Сотировски, зема учество во одбележувањето на 76 години од депортацијата на македонските Евреи, во организација на Еврејската заедница и Фондот на холокаустот, 13.03.2019 г.;
- Комисијата во периодот од 13 мај до 21 мај го реализираше проектот „Недела на заедничка молитва" кој има цел да ја афирмира заедничката заложба на конфесиите за општото добро, да го мотивира духот на соработка и разбирање, да ги намали тензиите кои се последица на недоволно познавање и намалена доверба. Проектот ги вклучуваше следните активности:
    - Трибина „Младите и религијата" одржана на 13.05.2019 г. во „Порта Македонија", Скопје;
    - Заедничка посета на верски храмови на различните верски субјекти во градот Битола од претставници на КОВЗРГ и претставници на верските заедници и конзулите од градот притоа запознавајќи се со секојдневниот живот, грижи и прашања со кои се соочуваат колегите, реализирана на ден 14.05.2019 г. во Битола;
    - Заедничка посета на прифатниот центар за мигранти во Гевгелија од страна на претставници на КОВЗРГ и претставници на верските заедници давајќи утеха на жртвите на хуманитарните кризни жаришта, реализирана на 15.05.2019 г. во Гевгелија;
    - Активност „Заедно за чиста животна средина" во која земаа учество претставници од КОВЗРГ и претставници на верските заедници и на верските образовни институции и заеднички засадија дрвца во Градскиот

парк како симбол на заедничката грижа за животната средина, реализирана на 16.05.2019 во Скопје;

- Заедничка хуманитарна акција со посета на социјално ранливи семејства од страна на претставници на КОВЗРГ и претставници на верските заедници и на верските хуманитарни организации во Куманово на кои беше донирана хуманитарна помош во форма на храна и облека, реализирана на ден 17.05.2019 г. во Куманово;

- Заеднички појадок со социјално ранливи категории во населбата Шуто Оризари со претставници на КОВЗРГ и претставници на верските заедници каде беа присутни повеќе граѓани од социјално ранлива категорија, реализиран на ден 20.05.2019 г. Скопје;

- На завршниот настан на манифестацијата се одржа свечен коктел по повод 21 мај „Светски ден на културна разноликост, дијалог и соработка" кој е прокламиран во 2002 година од страна на ООН. На свеченоста присуствуваа Претседателот на Владата г. Зоран Заев, министри во Владата, претставници од државниот кор, претставници на државните институции и граѓанскиот сектор, како и претставници од црквите, верските заедници и религиозни групи. Свое обраќање имаше Претседателот на Владата Г. Зоран Заев и директорот на КОВЗРГ г. Даријан Сотировски, беше испратена заедничка порака за поттикнување на соработката и дијалогот меѓу верските заедници, за стабилен и одржлив процес на градење доверба, пријателство и општество на вистински човекови вредности, на соживот и напредок и беше нагласена важноста и користа за целото човештво од разноличите култури кои опстојат во заедништво;

- Директорот на КОВЗРГ г. Даријан Сотировски зеде учество во јавната дебата „Стратегијата за едно општество и интеркултурализам" одржана на 27.05.2019 г. во Кочани. Во своето обраќање, Г. Сотировски ја искажа својата поддршка за креирањето на ваков документ, кој има за цел да ги надмине сите недостатоци и да воспостави еднаквост, признавање на сите различности и постигнување на општествена кохезија;

- По повод историската посета на државата на Светиот Отец, Папата Франциск, која се организираше на највисоко ниво, Комисијата беше активно вклучена во Координативното тело за организација и реализација на официјалната програма;

- Во издание на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, од печат излезе книгата „И тие се тука", која е посветена на помалку застапените во јавноста регистрирани цркви, верски заедници и религиозни групи, со цел нивна промоција на пошироката јавност, 20.05.2019 г.;

- Во издание на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, од печат излезе сликовница со наслов „Историјата на мојата црква ", која претставува дел од проектите кои беа посветени на одбележувањето на јубилејот „1000 години од формирањето на Охридската архиепископија", 20.05.2019 г.;

- Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи (КОВЗРГ) за прв пат од своето постоење направи свое официјално лого. Тоа се состои од стилизиран приказ на златно-жолто сонце, како национален симбол, и подадени раце, кои го симболизираат чинот на молитва;

- Во рамки на традиционалната манифестација „Македонија во чест на Свети Кирил", што се одржува по повод 24 мај, денот на сесловенските просветители, браќата Свети Кирил и Свети Методиј, државна и црковна

делегација оствари посета на Италија и Светата столица. Дел од државната делегација беше и Директорот на КОВЗРГ г. Даријан Сотировски;

- На покана од раководството на Светското интерпарламентарно собрание на православието од 19 до 23 јуни во Тбилиси, Грузија, за прв пат на „Годишното собрание на Светското интерпарламентарно собрание на православието" присуствуваше македонска делегација составена од директорот на КОВЗРГ г. Сотировски и претставничките од Собранието на Република Северна Македонија, г-ѓа Ирена Стефовска од СДСМ и г-ѓа Ане Лешковска од ВМРО ДПМНЕ. Оваа посета претставуваше одлична можност за истакнување на нашите државни заложби и продлабочување на соработката со сите држави членки и можност за зачленување на нашата земја во оваа организација;
- Директорот на КОВЗРГ присуствуваше на чинот на потпишување на грант доделен од Амбасадата на САД претставувана преку Амбасадорката НЕ Кејт М. Брнс за помош во конзервацијата на црквата „Пресвета Богородица" во Вељуса, Струмица, 27.09.2019 г.;
- По долги години залагање на КОВЗРГ да биде овозможено отворање на верски медиум во земјата, успешно беше пуштен во етер првиот верски медиум Радио Марија Македонија и по тој повод Директорт беше во посета на студиото кое е сместено во административната зграда на Католичката црква „Св. Иван Крстител" во Струмица, 02.10.2019 г.;
- Директорот г. Даријан Сотировски учествуваше со свое обраќање на првата Европска конференција за дијалог во организација на Филозофскиот факултет при УКИМ, 14.10.2019 г.;
- Комисијата за односи со верски заедници и религиозни групи во соработка со Планинарскиот клуб „Јелак" и МПЦ-ОА: Тетовско-гостиварска православна епархија, на 20.10.2019 год., по втор пат ја организира планинарско-рекреативна акција „Милениумска патека" на падините на Сува Гора.
- Во соработка со Балканскиот институт за вера и култура беше организирано предавање од реноминираниот професор Мајк Пирс од Универзитетот Оксфорд, на секогаш актуелна тема за Балканот „Религијата и политиката на Балканот: Краток историски преглед", кое се одржа на 21.10.2019 г. во Порта Македонија;
- Делегација од КОВЗРГ предводена од Директорот г. Сотировски оствари билатерална средба со делегација од Државниот комитет за култови на Р. Албанија, предводена од Директорката г-ѓа Лорета Алико. Средбата претставува продлабочување на соработката помеѓу двете држави во сферата на верските прашања, размена на искуства меѓу другото и за заштитата на културното наследство и мотивација за соработката на Балканско ниво помеѓу државите од регионот кои се одликуваат со висок степен на религиозност кај населението, 28.10.2019 г.;
- На ден 29. 10. 2019 година Директорот на КОВЗРГ, г. Даријан Сотировски во рамки на дводневната работна посета на Р. Албанија, во главниот град Тирана оствари средби и со Г. Г. Анастасиј (Јанулатос) - Архиепископ на Тирана и Драч и на цела Албанија, монс. Џорџ Френдо - Надбискуп на Католичката црква во Албанија и со заменик претседателот на Исламската верска заедница на Р. Албанија г. Таулант Бица;
- На ден 31.10.2019 г. Директорот, г. Сотировски присуствуваше и се обрати пред присутните на Свечената академија по повод Денот на реформацијата, која во организација на Евангелско-протестанската иницијатива (ЕПИ) се одржа во Скопје.

- На ден 09. 12. 2019 година Директорот на КОВЗРГ, г. Сотировски во Белград оствари билатерална средба со Директорот на Управата за соработка со црквите и верските заедници на Р. Србија - г-дин д-р Милета Радојевиќ, со што официјално започна дводневна работна посета на Република Србија. На средбата се разговараше за продлабочување на соработката помеѓу двете држави во сферата на верските прашања, за размена на искуства, како и за прашања околу заштитата на културното наследство;
- На ден 09. 12. 2019 година Директорот КОВЗРГ, г. Сотировски во рамки на дводневната работна посета на Република Србија, во Белград ја посети македонската заедница и присуствуваше и се обрати на чествувањето на празникот на нашиот патрон и заштитник Свети Климент Охридски во организација на Здружението на Македонци во Белград „Македониум";
- Во текот на 2019 г. КОВЗРГ учествуваше на многубројни одбележувања на верски јубилеи и значајни настани на регистрираните цркви, верски заедници и религиозни групи, како што се Божиќ, Велигден, Рамазан Бајрам, Курбан Бајрам, Ханука самеах и др.
- Директорот г. Даријан Сотировски во периодот од јануари до декември 2019 г. оствари повеќе средби со претставници од дипломатскиот кор, претставници на државни институции, претставници од регистрирани верски субјекти, претставници од граѓанскиот сектор со кои беше разговарано за потврдување на досегашната соработка како и за продлабочување на соработката, подготвување нови иницијативи за почитување на верските права и слободи, разрешување на прашања со кои се засегнати верските субјекти и граѓани итн.
- КОВЗРГ има издадено 130 решенија за одобрение за престој на странски верски лица за вршење на религиозен култ и други манифестации на верата;
- КОВЗРГ има издадени 30 мислења за јавен интерес на донации од правни лица наменети за цркви и верски заедници.

## 1.10. ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ОДНОСИ СО ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И РЕЛИГИОЗНИ ГРУПИ ВО 2020 ГОДИНА

Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи како институција задолжена за работите што се однесуваат на правната положба на црквите, верските заедници и религиозни групи, како и за работите поврзани со односите меѓу државата, црквите, верските заедници и религиозните групи, најдиректно е инволвирана во следењето на верските слободи и права како дел од човековите слободи и права. Во таа смисла, Комисијата и во текот на 2020 година продолжи со остварување на своите задачи и обврски и ги реализираше следниве резултати:

- Комисијата во периодот од јануари до март повторно спроведе истражување на јавното мислење за прашања од верска природа кај различни возрасни групи. Резултатите од истражувањето се анализираат и во следниот период ќе бидат претставени во јавноста;
- Директорот г. Даријан Сотировски во овој периодот оствари повеќе средби со претставници од дипломатскиот кор, Н.Е. г-дин Џанг Ѕуо Амбасадор на НР Кина, Н. Е. Амбасадорот на Р. Грција, Н.Е. г-дин Димитрис Јанакакис Амбасадор на Р. Грција, Н.Е. г-ѓа Душанка Дивјак Томиќ Амбасадорка на Р.

Србија, Н.Е. заменик амбасадорот на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, г-дин Доминик Отвеј, со кои беа разменети информации од областа во која работи институцијата, беше разговарано за продлабочување и развивање на соработката и иницијативноста помеѓу државите, како и за размената на искуства и поддршка во различни области, но и за прашања од значење за грѓаните на меѓудржавно ниво;

- КОВЗРГ редовно одржува средби со претставници на државни институции, претставници од локалната самоуправа, претставници од регистрирани верски субјекти, претставници од граѓанскиот сектор за разрешување на прашања со кои се засегнати верските субјекти и граѓаните и споделување искуства;
- Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи како дел од Националниот комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам поднесе извештај за статусот на реализација и информации на активностите за тековната 2019 год. во врска со спроведување на Стратегијата спречување на насилен екстремизам и Стратегијата за борба против тероризам;
- На 13.01.2020 г. Директорот на КОВЗРГ, г-дин Даријан Сотировски присуствуваше на приемот и средбата со Неговата Сесветост, Вселенскиот патријарх г. г. Вартоломеј во Цариградската Патријаршија во Истанбул, како дел од владината делегација предводена од Претседателот на Владата г- дин Оливер Спасовски;
- Директорот на КОВЗРГ, г-дин Даријан Сотировски присуствуваше на Свечената акдемија, која се одржа на ден 27. 01. 2020 година во Македонската академија на науките и уметностите (МАНУ) по повод 75 години од ослободувањето на Аушвиц и меѓународниот ден на Холокаустот;
- На ден 06. 02. 2020 година Директорот на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, г-дин Даријан Сотировски, учествуваше на Националниот молитвен појадок во Вашингтон, САД;
- Официјалната посета на САД беше искористена за дополнителни средби на Директорот на КОВЗРГ со претставници од Стејт департментот на САД како и средби со претставници од Комисијата за меѓународна верска слобода на САД (United States Commission on International Religious Freedom);
- На 18.04.2020 г. директорот на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, г. Даријан Сотировски го пречека благодатниот оган и го предаде на свештените лица - преставниците на Македонската православна црква - Охридска архиепископија и на Неговото блаженство, Архиепископот Охридски и Македонски г. г. Стефан;
- На ден 22.5.2020 г. Директорот на КОВЗРГ, г-дин Даријан Сотировски присуствуваше на срдбата на претседателот на Владата г-дин Оливер Спасовски и Н.Е. Амбасадорката на Р. Хрватска во нашата земја, г-ѓа Нивес Тигањ;
- Директорот на КОВЗРГ во седиштето на Исламската верска заедница (ИВЗ) оствари средба со в.д. Реисул Улема х. хфз. Шаќир еф. Фетаху, каде изрази спремност за продлабочена соработка и поддршка во сите напори за подобрување на состојбите во оваа значајна верска заедница, кои квалитативно ќе се одразат и во општествените текови;
- На 30.06.2020 година се одржа средба на лидерите на петте верски заедници споменати во Уставот. На покана на директорот на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи (КОВЗРГ), м-р Даријан Сотировски, на средбата присуствуваа поглаварот на МПЦ-ОА, Архиепископ охридски и македонски, г.г. Стефан, в.д. Реис ул Улема на ИВЗ х. хфз. Шаќир еф. Фетаху, бискупот на Католичката црква монсињор Киро Стојанов, суперинтендентот на

ЕМЦ г-дин Марјан Димов, а поради оправдани причини отсуствуваше претседателот на Еврејската заедница г-ѓа Берта Романо Николиќ. Верските лидери разговараа за актуелната состојба со корона вирусот и упатија едногласен апел до сите граѓани за одговорен однос кон себеси и ближниот, а опасноста од вирусот да ја сфатат како реална и сериозна закана по животот и здравјето;

- На ден 13.07.2020 г. Директорот на КОВЗРГ, г-дин Даријан Сотировски присуствуваше на наречението и хиротонијата на Бигорскиот игумен Партениј за епископ Антаниски, кое се одржа во Бигорскиот манастир и во Катедралниот храм „Света Софија“ во Охрид;
- На ден 24. 09. 2020 година Директорот на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи (КОВЗРГ), г-дин Даријан Сотировски присуствуваше на Свечениот концерт на Филхармонијата по повод 1000-годишниот јубилеј на Бигорскиот манастир;
- КОВЗРГ презема активности во корелација со надлежни институции за заштита на верските објекти, нивна заштитна конзервација, како и преземање чекори за дел од нив за номинација во УНЕСКО како заштитени верски културни споменици;
- На ден 08.10.2020 г. Директорот на КОВЗРГ, г-дин Даријан Сотировски присуствуваше на Изложбата „Од уметничката ризница на Бигорскиот манастир“ во МАНУ по повод 1000-годишниот јубилеј на Бигорскиот манастир;
- КОВЗРГ одржуваше средби со локалната самоуправа по повод прашања кои се во интерес на регистрираните верски субјекти;
- Директорот на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи (КОВЗРГ), г-дин Даријан Сотировски на ден 14. 10. 2020 година оствари средба со Александру Андреј Поповичи, новото одговорно лице на одделот за Човечки права и граѓанско општество при Делегацијата на Европската унија.
- Директорот на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи (КОВЗРГ), г-дин Даријан Сотировски на ден 15. 10. 2020 година присуствуваше на доделувањето на Орденот за заслуги за државата на Бигорскиот манастир во Претседателската вила „Водно“;
- Директорот на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи (КОВЗРГ), г-дин Даријан Сотировски на ден 18. 10. 2020 година, присуствуваше на центералната прослава по повод јубилејот „1000 годни Бигорски манастир“, што се одржа викендов во Бигорскиот манастир, во присуство на државниот и црковниот врв;
- На 11.11.2020 г. Директорот на КОВЗРГ оствари онлајн состанок со г-ѓа Патриција Ди Џовани, претставник на УНИЦЕФ.
- Во издание на КОВЗРГ излезе од печат книгата „Водич за запознавање со исламот“. Водичот го запознава читателот со основните информации за појавата на исламот, неговото ширење и историјат, потоа дава информации за исламското учење, за одредени елементи од исламската култура и цивилизација, како и за исламот и Исламската верска заедница во нашата земја. Рецензент на делото е почитуваниот м-р Насир Реџепи, муфтија на ИВЗ во Штип. Со издавањето на оваа вредна публикација, во ова време на плурализам и информативно општество, КОВЗРГ продолжува да работи на надоградувањето на меѓусебното запознавање на различните вероисповеди присутни во македонското општество.
- Директорот на КОВЗРГ на ден 26. 11. 2020 година присуствуваше на Свечената церемонија во Мустафа-пашината џамија во Скопје, каде се одржа

доделувањето на меншурата и давањето на јавната заклетва на новоизбраниот Реисул-Улема на ИВЗ, хаџи хфз. Шаќир ефенди Фетаху;

- Директорот на КОВЗРГ г-дин Сотировски, на ден 15. 12. 2020 година оствари работна средба со в. д. Амбасадорот на Република Романија, г-дин Габриел Никола. На средбата се разговараше за идната соработка, која има широк потенцијал имајќи ги во предвид нашите културни сличности. Во следниот период ќе работиме на неколку проекти во взаемен интерес;
- Во месец декември КОВЗРГ започна со реализација на проектот „Под македонското небо“ кој е присутен на социјалните медиуми и кој ќе придонесе за афирмирање на нашата религиска култура и културно наследство, информирање и едукација на јавноста на социјалните медиуми;
- Директорот реализираше неколку интервјуа (телевизиски, пишани медиуми) каде го изрази ставот на КОВЗРГ по теми кои се актуелни како постојната КОВИД ситуација, при што јавно беше искажан и ставот и поддршката од верските субјекти за дисциплинирано и недвосмислено следење на препораките на надлежните институции, а со тоа придонесуваат кон побрзо враќање на општеството во нормални услови;
- На ден 30.12.2020 година во „Клубот на пратениците“ во Скопје се одржа работна средба со поглаварите на црквите и верските заедници споменати во Уставот, на која присуствуваа Директорот на КОВЗРГ г-дин Сотировски, Архиепископот Охридски и Македонски г.г. Стефан, Реисул Улема на ИВЗ х. хфз. Шаќир еф. Фетаи, Бискупот скопски и струмичко-скопски епарх монсињор Киро Стојанов и суперинтендентот на ЕМЦ г-дин Марјан Димов. На средбата се разговараше за актуелни теми кои непосредно ги засегаат верските субјекти како и договор за меѓусебна соработка на државата и верските субјекти;
- КОВЗРГ воспостави постојана комуникација со сите регистрирани верски субјекти во врска со актуелната здравствена ситуација за доследна примена на мерките за заштита од Корона вирусот;
- КОВЗРГ согласно заклучокот од затворената седница на Влада бр. 158 ја подготви за печатење Монографијата за посетата на Папата на Р. Македонија и во следниот период истата ќе биде испечатена;
- КОВЗРГ има издадено 112 решенија за одобрение за престој на странски верски лица за вршење на религиозен култ и други манифестации на верата;
- КОВЗРГ има издадени 28 мислења за јавен интерес на донации од правни лица наменети за цркви и верски заедници.

## 1.11. ПРОГРАМА

**„Ново поглавје во развојот на нашето мултиконфесионално општество“**

## 2. ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ

| 2.1. | А: Оправданост и дизајн на Програмата |
|---|---|

**Образложение:** Програмата „Ново поглавје во развојот на нашето мултиконфесионално опш-

| |
|---|
| тество " произлегува од:<br>1. Стратешките приоритети на Владата на РСМ за 2021 г.:<br>• ***„Успешно водење на пристапните преговори со Европската унија"***,<br>• ***„Целосно спроведување на Охрдискиот рамковен договор и градење на граѓанска држава и етничка и социјална кохезија врз принципите на меѓусебна толеранција и почитување.*** |
| 2. НПАА: Поглавје **3.23 Правосудство и фундаментални права** |
| 3. Стратешките приоритети и цели на органот на државната управа за периодот 2021-2023 година:<br>**Активно промовирање на културните и верските вредности на Република Северна Македонија врз основа на постојана и конструктивна соработка со регистрираните цркви, верски заедници и религиозни групи и државните институции.**<br>• Промоција на културните и верските вредности во Република Северна Македонија и унапредување на меѓуконфесионалната соработка;<br>• Обезбедена заштита на начелото на секуларност, унапредени верски слободи и права и меѓународна соработка;<br>• Зајакната сервисна ориентација кон потребите на верските заедници. |

| **Назив на Програмата:** | **Цел на Програмата:** |
|---|---|
| **Ново поглавје во развојот на нашето мултиконфесионално општество** | • Промоција на културните и верските вредности во Република Северна Македонија и унапредување на меѓуконфесионалната соработка;<br>• Обезбедена заштита на начелото на секуларност, унапредени верски слободи и права и меѓународна соработка;<br>• Зајакната сервисна ориентација кон потребите на верските заедници. |

| | | |
|---|---|---|
| **Програмата е:** | ✕ хоризонтална | ☐ вертикална |

| **Показатели за успех на програмата 2021-2023 година:** |
|---|
| - Број на одржани тркалезни маси, семинари, издадени публикации, одржани изложби и други културни и научни настани во 2021 г., 2022 г. и 2023 г.;<br>- Број на организирани заеднички јавни настапи на регистрираните цркви, верски |

заедници и религиозни групи и испраќање јасна порака за меѓуверска толеранција;

- Број на одржани договорно-консултативни средби со регистрираните цркви, верски заедници и религиозни групи за унапредување и заштита нивните права;
- Број на решени прашања за тековните потреби на верските субјекти и други прашања од областа на заштита на културното верско наследство на верските субјекти;
- Број на преземени иницијативи за унапредување на меѓународната соработка во областа.

| Активност | Одговор-ни | Консулти-рани | Временска рамка | | Потребни ресурси | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Почеток (м/г) | Крај (м/г) | Човеч-ки | Финан-сиски МКД (буџетски) |
| **Активности кои се планираат за 2021 година** | | | | | | |
| 1. Истражување на јавното мислење за важни прашања од верска природа кај различни возрасни групи | КОВЗРГ | УКИМ, УГД, ДУТ, ПБФ, ФИН | 01/2021 | 06/2021 | Вработени во КОВЗРГ | 30.000 |
| 2. Издавање на публикација за Еврејската верска заедница | КОВЗРГ | ЕЗРМ, Меморијален центар на холокаустот на Евреите од Македонија | 01/2021 | 04/2021 | Вработени во КОВЗРГ | 150.000 |
| 3. Манифестација „Недела на заедничка молитва“ | КОВЗРГ | Цркви, верски заедници и религиозни групи во РСМ, Влада на РСМ | 04/2021 | 05/2021 | Вработени во КОВЗРГ | 120.000 |
| 4. Одбележување на јубилејот 250 години од раѓањето на преродбеник Кирил Пејчиновиќ | КОВЗРГ | Филолошки факултет „Блаже Конески“- Скопје | 06/2021 | 09/2021 | Вработени во КОВЗРГ | 100.000 |
| 5. Издавање на публикација „Возобновителот“ по повод 115 години од раѓањето и 40 години од упокојувањето на првиот архиепископ Доситеј | КОВЗРГ | ПБФ | 06/2021 | 09/2021 | Вработени во КОВЗРГ | 180.000 |
| 6. Доделување на годишно признание од КОВЗРГ | КОВЗРГ | | 10/2021 | 11/2021 | Вработени во КОВЗРГ | 60.000 |
| 7. Тркалезна маса на тема „Воведување на капелани во армијата и | КОВЗРГ | Верски заедници, МВР, МЗ, МО, Гене- | 11/2021 | 11/2021 | Вработени во КОВЗРГ | 15.000 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| здравството“ | | рал штаб на АРМ | | | | |
| 8. Балканска конференција со институции од областа на работа на КОВЗРГ | КОВЗРГ | МНР | 04/2021 | 11/2021 | Врабо-тени во КОВЗРГ | 250.000 |
| 9. Проект за афирмација на верскиот туризам „Под македонско небо“- I фаза | КОВЗРГ | Агенција за промоција и поддршка на туризмот | 01/2021 | 12/2021 | Врабо-тени во КОВЗР | 100.000 |
| **Вкупно активности во 2021 година: 9** | | | | **Вкупен износ на потребни средства** | | **1.005.000** |

| **Активности кои се планираат за 2022 година** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Истражување на јавното мислење за важни праша-ња од верска природа кај различни возрасни групи | КОВЗРГ | УКИМ, УГД, ДУТ, ПБФ, ФИН | 01/2022 | 04/2022 | Врабо-тени во КОВЗРГ | 30.000 |
| 2. Одбележување на јубилејот 60 години од упокојувањето на првиот верски референт Вељо Манчевски | КОВЗРГ | Државен архив | 01/2022 | 01/2022 | Врабо-тени во КОВЗРГ | 30. 000 |
| 3. Проект детална верска карта (втора фаза) | КОВЗРГ | | 02/2022 | 12/2022 | Врабо-тени во КОВЗРГ | 120.000 |
| 4.Семинар за правата од работен однос на верските службеници | КОВЗРГ | МТСП, Цркви, вер-ски за-едници и религиозни групи во РСМ | 03/2022 | 05/2022 | Врабо-тени во КОВЗРГ | 60.000 |
| 5. Публикација за Евангелско-методистичка црква | КОВЗРГ | ЕМЦ | 03/2022 | 08/2022 | Врабо-тени во КОВЗРГ | 80.000 |
| 6. Издавање на публикација „Водич низ историјата на Охридската архиепископија“- второ издание на англиски јазик по повод јубилејот 55 години од прогласувањето на автокефалноста на МПЦ-ОА | КОВЗРГ | | 04/2022 | 10/2022 | Врабо-тени во КОВЗРГ | 150.000 |
| 7. Манифестација „Недела на заедничка молитва“ | КОВЗРГ | Цркви, вер-ски за-едници и религиозни групи во РСМ, Влада на РСМ | 04/2022 | 05/2022 | Врабо-тени во КОВЗРГ | 120.000 |
| 8. Доделување на годишно признание од КОВЗРГ | КОВЗРГ | | 10/2022 | 11/2022 | Врабо-тени во КОВЗРГ | 30.000 |
| 9. Публикација „Најубавите отомански исламски споменици“ | КОВЗРГ | Управа за заштита на култур-ното нас-ледство, | 02/2022 | 10/2022 | Вработе ни во КОВЗРГ | 150.000 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ИВЗ | | | | |
| **Вкупно активности во 2022 година: 9** | | | | **Вкупен износ на потребни средства:** | | **770.000** |

| **Активности кои се планираат за 2023 година** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Истражување на јавното мислење за важни прашања од верска природа кај различни возрасни групи | КОВЗРГ | УКИМ, УГД, ДУТ, ПБФ, ФИН | 01/2023 | 03/2023 | Вработени во КОВЗРГ | 50.000 |
| 2. Европска конференција со сродни институции на КОВЗРГ | КОВЗРГ | | 05/2023 | 11/2023 | Вработени во КОВЗРГ | 400.000 |
| 3.Публикација за традиционална храна подготвена според верски норми | КОВЗРГ | | 03/2023 | 06/2023 | Вработени во КОВЗРГ | 150.000 |
| 4. Манифестација „Недела за заедничка молитва“ | КОВЗРГ | Цркви, верски заедници и религиозни групи во РСМ, Влада на РСМ | 03/2023 | 06/2023 | Вработени во КОВЗРГ | 120.000 |
| 6. Доделување на годишно признание од КОВЗРГ | КОВЗРГ | | 10/2023 | 11/2023 | Вработени во КОВЗРГ | 30.000 |
| 7. 65 години од возобновување на ОА | КОВЗРГ | МПЦ-ОА | 03/2023 | 06/2023 | Вработени во КОВЗРГ | 80.000 |
| 8. 30 години црковна општина „Св. Наум“ во Виена | КОВЗРГ | МПЦ-ОА | 07/2023 | 09/2023 | Вработени во КОВЗРГ | 50.000 |
| 9. Манифестцација за одбележување 80 години од создавање верско поверенство | КОВЗРГ | | 03/2023 | 06/2023 | Вработени во КОВЗРГ | 150.000 |
| 10. Публикација - збирка трудови и сведоштва „Зборовите на Архиепископот Михаил“ | КОВЗРГ | ПБФ, Институт за национална историја | 09/2023 | 12/2023 | Вработени во КОВЗРГ | 150.000 |
| **Вкупно активности во 2023 година: 10** | | | | **Вкупен износ на потребни средства:** | | **1.180.000** |

| | |
|---|---|
| **Вкупно активности во 2021 година: 9** | **1.005.000** |
| **Вкупно активности во 2022 година: 9** | **770.000** |
| **Вкупно активности во 2023 година: 10** | **1.180.000** |
| **Вкупно за резултат: 28** | **2.955.000** |

| **3. Влијанија врз човечките ресурси** | | | |
|---|---|---|---|
| | | | |

| Програма | Резиме на потреба од нови вработувања | Резиме на потреба од прераспределба на вработените | Резиме на потреби од обука |
|---|---|---|---|
| | | | |

**4. Развивање на заедничките функции**

**4.1. Стратешко планирање/ подготвување на Буџетот (планирани мерки 2021-2023)**

- Зајакнати човечки ресурси во Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи;
- Развивање, унапредување и координирање на процесот на стратешко планирање;
- Подобрување на квалитетот за следење на имплементацијата на програмските активности преку мерење на показателите на успешност.

**4.2. Принципи на правична застапеност**

| 2021<br>очекувано влијание | 2022<br>очекувано влијание | 2023<br>очекувано влијание |
|---|---|---|
| Принципите на правична застапеност ќе бидат запазени согласно Годишен план за вработување за 2021 година | Принципите на правична застапеност ќе бидат запазени согласно Годишен план за вработување за 2022 година | Принципите на правична застапеност ќе бидат запазени согласно Годишен план за вработување за 2023 година |

**4.3. Принципи на еднакви можности на жените и мажите**

| 2021<br>очекувано влијание | 2022<br>очекувано влијание | 2023<br>очекувано влијание |
|---|---|---|
| Принципите на еднакви можности на жените и мажите ќе бидат запазени во 2021 година | Принципите на еднакви можности на жените и мажите ќе бидат запазени во 2022 год. | Принципите на еднакви можности на жените и мажите ќе бидат запазени во 2023 год. |

Во Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи од аспект на родовата еднаквост, од вкупно 12 вработени, 7 се мажи и 5 се жени. Притоа од вкупниот број на вработени со високо образование 5 се мажи, а 5 се жени.

**Овие податоци подолу се дадени во следнава Табела:**

| Работно место | Високо | | Вишо | | Средно | | Основно | | ВКУПНО | | Вкупно вработени |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | |
| Раководни | | | | | | | | | | | 0 |
| Нераководни | 5 | 5 | | | 2 | | | | 7 | 5 | 12 |
| Вкупно | 5 | 5 | | | 2 | | | | 7 | 5 | 12 |

**4.4. Извршување на Буџетот и управување со средства (за реализација на програмски активности 2021-2023)**

| 2021<br>очекувано влијание | 2022<br>очекувано влијание | 2023<br>очекувано влијание |
|---|---|---|
| -Подоготовка на План за јавни набавки согласно Законот за јавни набавки, а во функција на усогласување на планираните набавки со одобрениот буџет и реализација на буџетот за 2020 година;<br><br>-Учество на дел од вработените во соодветни обуки од областа на материјално - финансиското и буџетското ра- | -Подоготовка на План за јавни набавки согласно Законот за јавни набавки, а во функција на усогласување на планираните набавки со одобрениот буџет и реализација на буџетот за 2021 година;<br><br>-Учество на дел од вработените во соодветни обуки од областа на материјално - финансиското и буџетското ра- | -Подоготовка на План за јавни набавки согласно Законот за јавни набавки, а во функција на усогласување на планираните набавки со одобрениот буџет и реализација на буџетот за 2022 година;<br><br>-Учество на дел од вработените во соодветни обуки од областа на материјално - финансиското и буџетското ра- |

| | | |
|---|---|---|
| ботење и јавните набавки;<br><br>-Обуки на постојните и ново вработените во насока на јакнење на професионалното и компетентно извршување на работните задачи;<br><br>- Подготвување годишен извештај за преземените активности за воспоставување на процесот за управување со ризиците во Комисијата;<br><br>-Подготвување годишен извештај за показателите на успешност на спроведувањето на стратегијата за управување со ризици за раководството. | ботење и јавните набавки;<br><br>- Обуки на постојните и ново вработените во насока на јак¬нење на професионалното и компетентно извршување на работните задачи;<br>- Подготвување годишен извештај за преземените активности за воспоставување на процесот за управување со ризиците во Комисијата;<br><br>-Подготвување годишен извештај за показателите на успешност на спроведувањето на стратегијата за управување со ризици за раководството. | ботење и јавните набавки;<br><br>- Обуки на постојните и ново вработените во насока на јак¬нење на професионалното и компетентно извршување на работните задачи;<br>- Подготвување годишен извештај за преземените активности за воспоставување на процесот за управување со ризиците во Комисијата;<br><br>-Подготвување годишен извештај за показателите на успешност на спроведувањето на стратегијата за управување со ризици за раководството. |
| Добиените средства од Буџетот за периодот 2021-2023 година ќе се користат согласно начелата на Законот за буџети, односно наменски, рационално, економично, ефикасно и ефективно. | | |
| **4.5. Управување со човечки ресурси** | | |
| **2021**<br>**очекувано влијание** | **2022**<br>**очекувано влијание** | **2023**<br>**очекувано влијание** |
| -Подготвување на Годишен план за вработување за 2022 година;<br><br>-Подготвување на измена на Годишниот план за вработување за 2021 година;<br><br>-Подготвување на Извештај за реализација на годишниот план за вработување за период јули-декември 2021 година;<br><br>- Подготвување на Извештај за реализација на годишниот план за вработување за период јануари-јули 2021 година;<br><br>-Подготвување на Годишниот план за обуки на административните службеници;<br><br>-Подготвување на Извештај за реализација на Планот за обуки за административните службеници;<br><br>-Подготвување на Извештајот за полугодишно интервју; | -Подготвување на Годишен план за вработување за 2023 година;<br><br>-Подготвување на измена на Годишниот план за вработување за 2021 година;<br><br>-Подготвување на Извештај за реализација на годишниот план за вработување за период јули-декември 2021 година;<br><br>- Подготвување на Извештај за реализација на годишниот план за вработување за период јануари-јули 2021 година;<br><br>-Подготвување на Годишниот план за обуки на административните службеници;<br><br>-Подготвување на Извештај за реализација на Планот за обуки за административните службеници;<br><br>-Подготвување на Извештајот за полугодишно | -Подготвување на Годишен план за вработување за 2024 година;<br><br>-Подготвување на измена на Годишниот план за вработување за 2020 година;<br><br>-Подготвување на Извештај за реализација на годишниот план за вработување за период јули-декември 2022 година;<br><br>- Подготвување на Извештај за реализација на годишниот план за вработување за период јануари-јули 2022 година;<br><br>-Подготвување на Годишниот план за обуки на административните службеници;<br><br>-Подготвување на Извештај за реализација на Планот за обуки за административните службеници;<br><br>-Подготвување на Извештајот за полугодишно интервју; |

| | | |
|---|---|---|
| -Подготвување на Извештај со ранг-листа на годишни оцени за сите оценети административни службеници во институцијата за претходната година;<br><br>-Подготвување на Извештај за работата на КОВЗРГ согласно Законот за еднакви можности на жените и мажите (родова еднаквост);<br><br>-Подготвување на Годишен извештај за изречените мерки за утврдена дисциплинска и материјална одговорност на административните службеници за претходната година.<br><br>-Подготвување на Извештај за спроведен попис;<br><br>-Подготовување на Извештај за претставки и предлози;<br><br>-Подготовување на Извештај до КОМПСИ;<br><br>-Подготвување Извештај за водење предмети во управна постапка;<br><br>-Подготвување Извештај за дадени мислења за донација кон верски субјект;<br><br>-Подготвување Извештај за реализација на Стратешки план за период 2019-2020; | интервју;<br><br>-Подготвување на Извештај со ранг-листа на годишни оцени за сите оценети административни службеници во институцијата за претходната година;<br><br>-Подготвување на Извештај за работата на КОВЗРГ согласно Законот за еднакви можности на жените и мажите (родова еднаквост);<br><br>-Подготвување на Годишен извештај за изречените мерки за утврдена дисциплинска и материјална одговорност на административните службеници за претходната година.<br>-Подготвување на Извештај за спроведен попис;<br><br>-Подготовување на Извештај за претставки и предлози;<br><br>-Подготовување на Извештај до КОМПСИ;<br><br>-Подготвување Извештај за водење предмети во управна постапка;<br><br>-Подготвување Извештај за дадени мислења за донација кон верски субјект;<br><br>-Подготвување Извештај за реализација на Стратешки план за период 2019-2020; | -Подготвување на Извештај со ранг-листа на годишни оцени за сите оценети административни службеници во институцијата за претходната година;<br><br>-Подготвување на Извештај за работата на КОВЗРГ согласно Законот за еднакви можности на жените и мажите (родова еднаквост);<br><br>-Подготвување на Годишен извештај за изречените мерки за утврдена дисциплинска и материјална одговорност на административните службеници за претходната година.<br>-Подготвување на Извештај за спроведен попис;<br><br>-Подготовување на Извештај за претставки и предлози;<br><br>-Подготовување на Извештај до КОМПСИ;<br><br>-Подготвување Извештај за водење предмети во управна постапка;<br><br>-Подготвување Извештај за дадени мислења за донација кон верски субјект;<br><br>-Подготвување Извештај за реализација на Стратешки план за период 2019-2020; |

Во рамките на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, Секторот за соработка со државни институции и документација и административна поддршка, ја врши функцијата управување со човечките ресурси на Комисијата, врши пријавување и одјавување на вработени, ги ажурира податоците за вработените, се грижи за организирање на обуки на вработените и друго.

**4.6. Управување со информациски технологии**

Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи смета дека согласно новите трендови за електронска архива потребно е да се набави соодветен програм за електронско архивско работење за што е потребно Министерството за финансии да додели дополнителни финансиски средства.